МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ТУРСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА*

ЗА I ГОДИНА

Скопје, 2001 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет: ТУРСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА**
**1.2. Образовен профил и струка, односно група струки на кои им припаѓа наставниот предмет**
**1.2.1. Образовен профил:** За гимназиите
**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
**1.3.1. Општо образование:** Општообразовен предмет
**1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет**
1.4.1. Прва (I) година
**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно (неделен контакт):** 4 часа
**1.5.2. Број на часови годишно (квота на изучувањето):** 144 часа
**1.6. Статус на наставниот предмет**
1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

### 2.1. Општа цел на наставниот предмет

Целта на наставата по турски јазик и литература е да ги оспособи учениците да комуницираат на турски литературен јазик, во функција на општото, стручното и понатамошното образование, да им овозможи совладување на основните карактеристики на турската и светската (преведената) литература, да ги оспособи за самообразование и да ги подготви за нивното професионално оспособување и создавање на граѓани со демократски сфаќања.

## 2.1.1. Посебни цели на наставниот предмет

Од општата цел, на наставата по турски јазик и литература со комунукации, произлегуваат посебните цели:

- турската националност која живее во Република Македонија како еден од најважните компоненти е преку читање на оригинални дела но без да ја наруши суштината да го научи литературениот турски јазик;

- со нагласување на улогата на јазикот во животот и да ја сфати улогата на јазикот во процесот на образованието и воспитанието;

- да можат да сфатат во детали она што е слушано, прочитано; да развие способност за сè она што слуша, гледа, мисли и разбира, да може усно или писмено по одреден план, влијателно и течно да се изразува;

- да прифати како неминовна потреба и задоволство и да стекне навика за читање;

-да сфати дека турскиот јазик, како јазик кој има свои правила и прописи, дека е богат, плоден, дека со помош на овој јазик низ историјата се создадени врвни дела од различни облици и жанрови; да се докаже дека со турскиот јазик и ден денеска се твори во светски размери;

-да се внимава и да се прошират знаењата за примена на правописот, изговорот и естетските финеси;

-прку користење на заедничките културни вредности да се усвојат основните судови;

-според (класот возраста) на учениците, преку активностите слушање, читање и пишување, да ги научи можностите на турскиот јазик, примена, стекнување на знаења, усвојување и да може да стекне навика да анализира и синтетизира;

-при активностите усно и писмено анализирање на текстовите и при создавање на нови литературни состави да може да се запознае со верувањата, знаењата и задоволствата на културното наследство;

Според ова, знањета и способностите кои треба да се стекнат по предметот турски јазик и книжевност се следниве:

• учениците да можат правилно да комуницираат на турски литературен јазик во секојдневниот живот, на академско и на друго ниво;

• да можат да ги применуваат јазичните норми во секојдневната комуникација (усна или писмена) и во професионално насочен контекст;

• преку совладување на литературните вредности да ги развиваат личните способности во функција на граѓани со демократски ставови.

## 2.2. Придонес кон општообразовните цели

Со оспособувањето на учениците, да комунуцираат на турски јазик на сите нивоа на комуникација се реализираат општообразовните цели:

• преку усно и писмено иразување да го разбира и применува турскиот литературен јазик;

• да се подготвува за понатамошно образование на стручен и научен план;

• да се запознава со турската литература и на другите литератури со што му помага во меѓукултурната соработка.

## 2.3. Придонес кон стручното оспособување

Со оспособувањето на учениците, да комуницираат на турски јазик, во конкретен професионален и профилски насочен контекст, тие ќе дадат придонес во исполнувањето на задачите на стручната оспособеност.

Конкретен придонес на оваа цел е:

• учениците ќе можат да користат литература од областа на нивната професија (брошури, билтени, речници, инструкции, прирачници итн.);

• ќе ја разберат важноста на врската меѓу теоријата и практиката преку посебно нагласената професионална и профилски насочена комуникација;

• да ја сфатат потребата дека за прибирање и стекнување на знаења како и читање е можно само под услов усвојување на турскиот јазик и литература.

### 2.4. Придонес спрема индивидуалниот развој

Конкретниот придонес кон оваа посебна задача е:

- учениците да се оспособат да комуницираат на турски јазик и да користат разни извори за информирање и учење;
- преку применетата методологија во процесот на учењето на турскиот јазик, да ги развијат и вештините како на пример: решавање проблеми, способност за соработка, одговорност и креативност:
- да се развијат во личности со одговорно и совесно однесување како граѓани на демократско општество.

## 3. Неопходни предзнаења

Бидејќи учениците имаат завршено основно образование, се претпоставува дека при започнувањето на средното стручно образование, ги поседуваат следните вештини и знаења:

- го разбираат глобално материјалот на турски јазик со неопходното познавање на турската и светската (преведената) литература;
- користат доволен фонд на зборови и имаат знаења од областа на граматиката, така што правилно комуницираат на турски јазик;
- оспособени се да ја разберат информацијата или да ги протолкуваат јазичните изразни средства во даден текст, а од различни извори можат да пренесат информации од областа на комуникацијата, јазикот и литературата.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (50 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тематска целина** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Знаења и способности** | **Дидактички насоки и поврзаност со другите предмети** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **КОМПОЗИЦИЈА (СОСТАВ)**<br>1. Поим<br>2. Композиција во секојдневниот живот<br><br>3. Јазични композиции | 5 | **Учениците треба да бидат детално оспособени за:**<br>- осознавање на поимот композиција (состав) и нејзината важност и улога во животот на ученикот / човекот;<br>- да ја сфати композицијата во секојдневниот живот како на пример,во облекувањето, во домот, во околината;<br><br>- развивање на свеста за важноста на композицијата или усното и писменото изразување во воспоставувањето на успешни односи или начините како се станува успешен;<br>- секој да ја унапредува способноста на композицијата или | ***Учениците треба да бидат оспособени за основни знаења и способности:***<br>- да знае за композицијата (поим) и важноста на усната концепција (говор) на човекот и да може да ја применува; | - Учениците се делат на две групи. На учениците од групата А не се објаснува проблемот (темата) додека на групата Б му се објаснува проблемот и им се дава можност (време) да се подготват. Потоа за време на обработката на темата се исклучуваат одредени делови (од текстот или од разговорот). Потоа за време на разговорот без овие делови учениците сами да се уверат за важноста на правилен состав; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. Што е искуство? Начини на стекнување на искуство:<br>а. Слушање<br>б. Посматрање<br>в. Експериментирање<br>г. Искуство<br><br>**УСНО ИЗРАЗУВАЊЕ**<br>*СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ*<br>1.Разлика помеѓу чуеното и слушање<br>2.Важноста на слушањето во стекнување на знаење<br>3. Видови на слушање | **20** | пишување односно зборувањето;<br>-да се сфати важноста на усното и писменото изразување;<br><br>-да се сфати важноста и усвојат начините со што се стекнува искуство; слушањето, читањето, посматрањето, спроведувањето и искуството;<br><br>- да може да уочи разлика помеѓу чуеното и слушањето;<br>- да ја сфати важноста на слушањето во стекнување на знаење;<br>-да усвои знаење за видови на слушање: со желба и без желба; слушање со цел и без цел; дисциплинирано и не дисциплинирано; | -да може да сфати дека одредена тема или настан може да се сфати преку слушање, посматрање и преку експериментирање односно реализирањето.<br><br>-Учениците да усвојат потребни основни знаења и способности на усното изразување;<br>- да знае како да слуша една тема или разговор; | - на учениците прво да им се даде еден лош изработен состав, а потоа еден добар изработен писмен состав. Тие самите да можат да ги вреднуваат и да доаѓаат до саканиот заклучок за овие композиции (состави);<br>- на часот преку **бура на идеи** се настојува да се усвои поставената тема;<br>- се реализираат доволен број на активности во врска со темата.<br><br>- Активностите треба да се реализираат поединечно, во парови и преку групна форма на работа.<br><br>- Во активностите за усно изразување да се применат аудио-визуелните средства преку кои ќе се слушат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. Фаќање на белешки<br><br>5. Главна и споредна идеа<br><br>6. Непрекинато да се привлече вниманието на слушателот<br>7. Како да се прашува<br>8. Зошто зборуваме | | - оспособување за фаќање прибелешки од некој разговор;<br><br>- оспособеност за откривање на главната и споредната идеја;<br><br>- оспособување на говорникот за да го натера слушателот да го следи непрекинато;<br>- да може првилно да поставува прашање;<br>- уште еднаш да се потенцира за важноста на усното изразување;<br>- да се свати важноста на убавото и ефикасното зборување. | - слушајки да може да ги сфати битните белешки;<br>- може да ја открие главната и споредната идеа.<br><br>- Може правилно да прашува.<br>- Ја разбира важноста и може да ја воспостави врската помеѓу говорот (со мајчин јазик) или јазикот и народот. | преку кои ќе се слушаат правилниот, литературниот турски јазик;<br><br>- да се спроведат разговори и дијалози. |
| 9. Правилата (начините) за тоа како може да се станува успешен при комуницирањето (зборувањето) | | - да се усвојат правилата како да се стане успешен говорник;<br>- Усвојување на правилата за убаво и ефикасното зборување, како што се :самодоверба, внимателност и претпазливост; физичка контрола; умствени активности;<br>- подготовки за разговор (избор на темата, одредување на целта, испитување и прибирање на | | - да се организира разговор на убаво зборување т.н. **тркалезна маса** (клупите да се наредат за тркалезна маса);<br><br>- да се применат аудиовизуелни и др. средства. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | испитување и прибирање на податоци, план за разговорот, вежби за разговор);<br>повторување на правилата на кои треба да се внимава пред почетокот на разговорот (начинот како треба да се постапува, облекувањето, просторијата, односно средината и да се вреднува однесувањето на слушателите, регулирањето на тонот, усогласувањето на движењата при разговорот, разговорот да биде жив и впечатлив и да може да се контролира времетраењето на раговорот);<br>- да се внимава на акцентот, правоговорот; почетокот и крајот на разговорот (да биде уверлив и привлечен), да се заблогодарува и да се одговора кратко и јасно на поставените прашања. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10.Грешки кои настануваат при зборувањето | | - Избегнување на грешките што се прават при разговарот како што се: неправилно обраќање, погрешна интонација, употреба на нејасни зборови и несоодветно однесување, избегнување на зборовите како што се ,,**овој, оваа...**" и др. потоа гласовите како што се ,,**ее..., иии...** " и др., да не се употребуваат арго зборови и жаргонизми, да се знае да се разговора и кога не сме подготвени за разговор (да нема многубројни застои, голтање за време на разговорот, прекумерно отворање на устата, викање и др., погрешно акцентирање и др.);<br>- вежбање на зборовите кои тешко се изговораат; контролирање на движењата на рацете и гестикулацијата при разговорот. | - Да ги осознае грешките кои ги прави при говорот и да се оспособува истите грешки во иднина да не ги повторува. | -Покрај грешките кои се дадени во посебните цели да се идентификуваат грешките кои се појавуваат во разни средини и краишта во Република Македонија и истите да се коригираат. |
| 11.Секојдневни разговори | | - Да се вежбаат секојдневни разговори (поздравување, запознавање, заблагодарување, | -Ги забележува грешките кои ги прави во | - Активности преку слушање на различни видови на разговори на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | извинување; прашувања адреса и упатување на адреса, посетување, честитање, изразување сочувство, дочекување и испраќање гости; | секојдневниот говор и истите ги коригира. | учениците или на луѓето.<br>-Кога се реализира ова или слично на оваа тема, треба да се реализираат преку дијалог или преку групната форма на работа. |
| 12. Конверзации | | - вежби за разговор на неподготвена тема за содржини кои ќе ги избере наставникот, содржини кои ќе ги предложат самите ученици; актуелни теми, раскажување спомени и др.); на однапред подготвена тема (раскажување на шеги, раскази, приказни, кратки разговори на одредена тема и др.). | -Да може слободно да учествува на секави разговори и да може да се изразува кратко за она што планирал и концепирал по разни теми. | |
| **ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ**<br>ПИШУВАЊЕ | **25** | | | |
| 1. Важноста на пишувањето и врската помеѓу историјата, културата и науката | | - Утврдување на значањето на писмената комуникација и поврзаноста помеѓу историјата, културата, науката и писменоста; | - Ја сфаќа важноста на пишувањето и правилата на пишувањето. | - Во врска со темата да се реализираат писмени вежби. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. Зошто пишуваме<br><br><br>3. Зборови и синтагми<br><br><br><br><br>4. Реченица<br><br><br><br><br><br><br><br><br>5.Тема<br><br><br><br><br><br><br><br>6. Изразни начини | | -да се даде одговор зошто ние пишуваме;<br><br>- усвојување на правописот на зборовите и синтагмите од одредена струка или област (термини и фрази);<br><br>- да се дефинира што е речени-ца; особеностите на правилната реченица: (по граматичките норми, реченицата да биде јасна како и таа да биде ефикасна);<br><br><br><br>- одредување на темата во писмен текст;<br>- правење избор и разграничување на темата.<br><br><br><br>- Разликување на видовите на изразување: опишување, раскажување и прераскажување. | <br><br><br>- Ги разбира доволен број на зборови и синтагми за дадената возраст и може да ги при-менува во секој-дневниот живот;<br>- може да ги приме-нува и пишува на разни зборови и синтагми од разни групи и професии.<br><br><br>- Може да ја утврди темата на одреден текст;<br>- пишувајќи и збо-рувајќи не излегува надвор од темата.<br><br><br>- Ги сфаќа и може да ги применува изразните видови. | - При реализирање на оваа тема, задолжител-но да се применуваат речници, разни енциклопедии и брошури.<br><br>- Во секојдневниот говор што се применува меѓусебе од турската националност да се констатираат разните јазични грешки и зборови и синтагми кои се употребуваат под влијание од другите народи.<br><br>- Активности на формирање на правилни реченици ( проста, проширена и сложена) по дадени зборови и синтагми.<br><br>- Активности за одредување на темата во текстот. За да се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. Параграф | | - Разликување логична целина и главни делови на текстот (вовед, главен дел и завршеток на текстот). | - Го сфаќа поимот за логичната целина. | постигне целта во овие активности, да се употребуваат литература, лектира, граматика (со правопис и интерпункција), усно и писмено изразување, теорија на литературата и др. текстови.<br><br>- Активности за усно и писмено изразување. Наставникот по бројот на активностите кои се предвидени за реализација, учениците ги дели по групи. Сите групи се ангажираат по една задача-тема. Истите се подготвуваат и сите групи својата тема-задача ги презентираат пред другите групи. Потоа групите можат да ги променат темите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПИСМЕНА РАБОТА** | | - Се работат **четири** ( 4 ) писмени работи во текот на една учебна година;<br>- во писмената работа треба да се искаже својот став за одредена тема според определен план;<br>- не треба да се употребуваат непотребни зборови, туку треба да се постигне единство на темата; да се состави куса писмена творба (текст) во која планот ќе ги содржи сите три дела (вовед, главен дел и завршеток);<br>- унапредување на знаењата и способностите како што се: збогатување на речникот на учениците со нови зборови и вежбање и употреба на интерпункциските знаци. | -Според возраста разбира што е план, тема јазик и др. елементи и лесно може да го пренесе во ракопис она што планира. | - Во текот на учебната година се изработуваат четири писмени работи. Секоја писмена работа откако ќе се контролира задолжително треба да се коригира и да се обрне внимание на секоја направена грешка или пропуст.<br>- Бидејќи писмената работа се оценува при изборот на темата, треба да се обрне поголемо внимание и да има претходна подготовка (на табла не треба да се пишува само темата и ништо друго). |

| Ј А З И К (34 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички забелешки** | **Дидактички насоки и поврзаност со другите предмети** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **ЈАЗИКОТ ОД РАЗЛИНИ АСПЕКТИ** | 2 | **Учениците треба да бидат детално оспособени за:**<br>- сфаќање на важноста и специфичностите на јазикот;<br>- осознавање на местото и улогата на јазикот во историјата на еден народ;<br>- сфаќање на односот на јазикот и културата;<br>- разликување на деловите на граматиката. | **Учениците треба да бидат оспособени за основни знаења и способности:**<br>- го осознават поимот и важноста на јазикот; | - Во врска со темата ќе се примени помошна литература, наставни средства и помагала: Историја на литературата, турска и светска литература, граматика и др. |
| **ГРАМАТИКА** | **8** | | | |
| ФОНЕТИКА<br>Глас<br><br>Согласки и самогласки | (7) | - Поим за глас, односот помеѓу глас-буква; потеклото на гласовите;<br>- класификацијата на гласовите (самогласки и согласки и нивните специфичности) и нивното спојување. | - ја разликуваат важноста и специфичностите на фонетиката (глас, слог и др.); | - ќе се користи телевизор, магнетофон и др. аудиовизуелни средства. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Слогот и неговите компоненти<br><br>Карактеристиките на гласовите<br><br>Хармонија на гласовите<br><br>**МОРФОЛОГИЈА**<br>Корен<br><br>Наставка<br><br>Наставки кои формираат друг збор<br><br>Наставки кои не формираат друг збор (деклинација и конјугација) | (7) | - да знае за слогот и за неговата градба;<br><br>- додавање на глас, испуштање на глас од среден слог, сличности на вокалите и асимилацијата.<br><br>- Примена на гласовната хармонија: голема, мала хармонија и гласовната хармонија меѓу вокалите и консонантите.<br><br>- Поим за корен и разликување на видовите корени: глаголски и именски.<br><br>- Разликување на двата вида наставки: наставки кои формираат друг збор (од именка именка, од именка глагол, од глагол именка, глаголска основа и именска основа) и конјугација (глаголски наставки: наставки за вид и време, наставки за лични глаголи, прашална наставка и наставка за негација). | - ќе се запознае со богатството на турскиот јазик и за специфичностите со кој се разликува од другите јазици;<br>-ја разликува специфичноста и важноста на хармонијата на консонантите.<br><br>- Ја сфаќа и може да ги применува елементите од морфологијата (наставки кои формираат друг збор и конјугација и деклинација). | - од наставните форми може да се применат работа во парови и групна форма.<br><br>- Меѓу позабележи-телните јазични грешки меѓу турското население во Република Македони-ја се оние во усното изразување и тоа не правилната употреба на хармонија на самогласките. Затоа наставниците за да се подобри оваа состојба, треба да обрнуваат повеќе внимание на овој сегмент од граматиката.<br>- Да се организираат часови по морфологија. Со помош на наставникот учениците (користејќи ги новите стекнати знаења) меѓу себе со организирање на дијалог, усно и по писмен пат да се дојдат |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Помошни согласки и самогласки | | - Разликување на помошните вокали и консонантите. | | писмен пат да се доаѓа до саканата цел. |
| Видови зборови според градбата | | - Определување на зборовите според градбата: прости, изведени и сложени зборови. | -ги разликува зборовите по градба и ги применува во усното и писменото изразување. | - Оваа тема (ако претходно се тестира и контролира и се утврдат знаењата), може да се повторат и утврдат сегашните и претходните знаења. |
| **ПРАВОПИС И ИНТЕРПУНКЦИЈА**<br>Правопис | 4<br>(2) | - Усвојување на правописните правила: правилна примена на сврзникот „**де**" ; наставката „**де**"; сврзникот „**ки**"; наставката „**ми**";<br>- усвојување на наставките од големата хармонија на самогласките (**-јор, -кен, -ки, -лејин, -(и)мтрак, -деш**);<br>- правилно пишување на заемките од другите јазици. | -правилно ги артикулира и ги применува правописот на турскиот литературен јазик. | -Темата, однапред или во самиот час со изготвените контролни прашања или задачи да се обработи во една натпреварувачка атмосфера.<br><br>-Активности за правописот и интерпункциски знаци, ќе се реализира на примери од дадени реченици. |
| Интерпункција | (2) | - Правилна примена на интерпункциските знаци: точка, запирка, две точки, три точки, извичник и прашалник. | - Правилно ги применува интерпункциските знаци. | -Темите од оваа област се додека не се почуствува за потребно, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | не се предвидуваат посебни часови туку истите со годишната програма ќе се предвиди кое правило ќе се обработува и секогаш се даваат и соодветни примери;<br>- во врска со темата може да се користи и од другите области како и од разни други наставни помагала;<br>-темите ќе се одберат внимателно и правилно ќе се обработуваат;<br>- интерпункциските знаци ќе се откриваат и ќе се коригираат секаде и секогаш кога ќе има потребна за тоа;<br>- за оваа област, ќе се користи помошна литература за правописот и за интерпункциските знаци на турскиот литературен јазик. |

| **Л И Т Е Р А Т У Р А  И  Л Е К Т И Р А (60 часа)** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички забелешки** | **Дидактички насоки и поврзаност со другите предмети** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **I ДЕЛ**<br>ЛИТЕРАТУРАТА, ЧОВЕКОТ И ОПШТЕСТВОТО | 2 | **Учениците треба да бидат детално оспособени за:** | **Учениците треба да бидат оспособени за основни знаења и способности:** | |
| Литература<br><br>Литературно дело | | - Сфаќање на поимот литература;<br><br>- совладување на карактеристиките на литературното дело. | - Да го сфати поимот литература и да осознаат за важноста на историјата на литературата. | - За оваа тема, покрај потребните наставни средства ќе се корис-тат и турска и светска литература, историја на литературата, енциклопедии и др. |
| Историјата на литературата и нејзиното значење | | - Основните карактеристики и важноста од изучувањето на историјата на литературата.<br>- Согледување на значењето и улогата на литературата. | | |
| Врската помеѓу јазик-култура и литература | | - Утврдувањето на односот: јазик-култура-литература. | - Да го сфатат заем-ниот однос помеѓу јазик-култура-литера-тура и го применуваат во секојдневниот живот. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| II ДЕЛ<br>ТУРСКАТА ЛИТЕРАТУРА НИЗ ИСТОРИЈАТА<br>1. Критериумите при поделбата на турската литература по периоди<br>2. Периодите на турската литература:<br>а) Пред исламски период<br>б) Исламски период<br>в) Турската литература под влијанието на западната цивилизација | 2 | - Може да ги определува критериумите ( јазични, културни, вѐрски, местополжбата и др.) и периодите на развојот на турската литература. | - ги разликува главните периоди на турската литература. | - Во врска со темата да се користат и од историски книги како и од географијата;<br>- раскажува. |
| III ДЕЛ<br>ИЗРАЗНИ СТИЛОВИ ВО ЛИТЕРАТУРАТА<br>Усно изразување | 2 | - Определување на значењето и улогата на усното и писменото изразување; | - Има основни познавања за изразните можности во турскиот јазик. | - се објаснува, се споредуваат разни текстови односно примери. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Писмено изразување<br>а) Епика<br>б) Лирика<br>Сличности и разлики помеѓу усно и писмено изразување<br><br>**IV ДЕЛ**<br>ЛИРСКИ ДЕЛА<br>1. Поезија<br><br>2. Песна и нејзините елементи<br>а) Надворешни одлики<br>б) Содржински одлики<br>в) Ритмика<br>г) Јазик и стил | **15** | - го разбира поимот епика.<br>- го разбира поимот лирика;<br><br>- ги разликува сличностите и разликите помеѓу усното и писменото изразување.<br><br>- Разликување на поезијата од прозата и усвојување на нејзините основни карактеристики;<br><br>- лириката и лирските компоненти: стих, строфа, двостих, содржина и тема и др.<br>- може да открие тема на песна.<br><br>- Поим за рима и видови рима, акцент и интонација.<br>- Запознавање со изразните специфичности и со стилските фигури: **тешбих, истиаре, тенасуп, кинаје, хусни-и талил** | - ги разбира поимите епика и лирика.<br><br>-Ги разликува сличностите и разликите помеѓу усното и писменото изразување.<br><br>- Може да разликува поезијата од прозата (и обратно) и основните компоненти на поезијата: видот, стих, строфа и двостих; содржина и тема; и дека е составена од стилски фигури. | - Во врска со ова тема, ќе се користат разни антологии, лексикони, учебници и др. извори од кои ќе се изберат потребните примери (ќе се прикаже и ќе се читаат);<br><br>-истражува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **тенасуп, кинаје, хусни-и талил, теџахул-и арифане, меџаз-и мурсел, тешхис, мецас, тезат, мубалага** и др. | | |
| 3. Развојот на турската литература под влијание на западната цивилизација<br><br>А) Видови на поезијата во и после Танзиматот<br><br>Б) Поезијата во народната литература<br><br>1. Главните видови на поезијата (**мани, песна, кошма, семаи, псалма** и др.) | | - Ги знае особеностите на / и литературните видови на турската литературата од овој период;<br><br>- преку примери ќе се запознае со литературните видови и специфичности за време и по Танзиматот.<br><br>- Запознавање со лирските видови (**мани, песна, кошма, семаи, псалма** и др.), метриката и специфичностите, лирските видови во народното творештво, **анонимни** лирски видови на народната литература, лирски видови од **мистичната** турска литература, и **љубовната** поезија. | - Ги знае особености-те на / и литературни-те видови на турската литературата од овој период;<br><br>- преку примери ќе се запознае со литера-турните видови и спе-цифичности за време и по Танзиматот;<br><br>- Да ги запознае со особеностите главните видови од народната литература. | - Користи примери од разни извори како што се антологии, лексикони и др.<br><br>- Се користат делата на: Орхан Вели Каник, Фарук Нафис Чамлибел, Ахмет Кутси Теџер, Риза Тевфик Болукбаши, Јахја Кемал Бејатли, Ахмет Хашим, Намик Кемал.<br><br>- Се користат делата на: Јунус Емре, Кајгусус Абдал, Ерзурумлу Емрах, Ашик Вејсел Шатироглу, Караџаоглан и др. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. Метрика<br>3. Видови на поезијата<br>а) Анонимни народни песни<br>б) Мистична народна литература<br>в) Лубовна поезија | | - Да ги разликува лирските видови од овој период: главните видови (по состав и според тематиката), ритмиката **аруз** и нејзините специфичности. | | |
| В) Поезијата во класичната литература | | - Поим и запознавање со различните видови зборови и реченици, групи на зборови, фрази и други изразни средства. | - Да ги разликува основните особености на класичната турска литература. | - Се користат делата на: Фузули (газел), Наби (газел), Недим (Касиде), Неф'и (Касиде), Шејх Галиб (месневи),Ташлиџали Јахја Беј (шаркија), Зија Паша (теркиб-и бенд) и др. |
| **V ДЕЛ**<br>ПРОЗНИ ДЕЛА | **15** | | | |
| 1. Облик, содржина и др, елементи на прозниот текст<br>а) Разноликост на зборови, група на зборови, реченици, фрази и народни пословици | | - Ја разбира улогата на различни зборови, реченици, фрази, народни пословици. | -ги разликува елементите на прозниот текст. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| б) Главна и споредна идеја во прозниот текст<br><br>2. Прозни дела во турската литература<br><br>а-Расказ<br><br>б-Роман<br><br>в-Драма<br><br>г-Патопис | | - Ја открива главната и споредната идеја во еден текст.<br><br>- го сфаќа поимот за расказ и неговите елементи: план, тема, време, место, лице / лица, јазик и изразни средства и истите во кратки текстови може да ги применува.<br><br>- Поим за роман и неговите елементи: план, тема, настан, време, место, лица, јазик и изразни средства.<br><br>- Поим за драма и неговите елементи: гледачи, актери, сцена, јазик и изразните средства на драмата.<br><br>-Поим за патописот и запознавање со главните особености и елементи. | - Ја открива главната и споредната идеја во еден прозен текст.<br><br>- ги познава прозните видови (расказ,роман, драма, патопис, есеј) и нивните главни специфичности | - Се користат делата на: Омер Сејфеттин, Саит Фаик Абасија-ник, М. Шефкет Есен-дал, Халдун Танер.<br><br>- Се користат делата на: Решат Нури Гун-текин, Јакуп Кадри Караосманоглу, Пејами Сафа.<br><br>- Се користат делата на: Тарик Бугра, Јахја Акенгин, Орхан Асена.<br><br>- Се користат делата на: Ахмет Хашим, Фалих Рифки Атај и др современи патописци. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| д-Есеј<br><br><br><br>г-Ораторство<br><br><br><br>**VI ДЕЛ**<br>ТУРСКА<br>ЛИТЕРАТУРА<br><br>**Првите дела** | <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>1 | -Поим за есеи запознавање со главните особености и елементи.<br><br>-Поим и запознавање со главните особености и елементи.<br><br><br>- Определување на периодите на развојот на турската литерату-ра: предисламскиот период на турската литература; турската литература под влијанието на исламот; турската литература под влијанието на западната цивилизација. | <br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>- Ги разликува гло-балните периоди на турската литература. | -Се користат делата на: Нуруллах Атач , Мехмет Каплан и др. современи патописци.<br>-Примери од Мустафа КемалАтатурк, Х.Супхи Танриовер и од др. современици. |
| **VII ДЕЛ**<br>ПРЕДИСЛАМСКИ<br>ПЕРИОД НА<br>ТУРСКАТА<br>ЛИТЕРАТУРА | 4 | - Историскиот развој и критериумите за поделбата на турската литератара; | | - За корелација ќе се користи од предметите историја на турската книжевност, географија и др. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Усни дела**<br><br>**Пишувани дела**<br><br>VIII ДЕЛ<br>СВЕТСКА<br>ЛИТЕРАТУРА<br><br>**Првите дела од светската литература** | (2)<br><br>(2)<br><br>10 | - Запознање и читање дела (примери) од овој период: **сагу, кошук, сав** и особено за **епот** воопшто и за делото - епот **Огус Каган Дестани**.<br><br>- Запознавање и читање делови од **Ѓоктурк Китабелери** и др.примери од овој период.<br><br>- Објавување на главните карактеристики на овој период и од еповите од овој период (стара вавилонска, еврејска, египетска, кинеска, индиска, стара грчка и латинска литература ), а се обработува епот **Гилгамеш** и се објаснува митологијата во еповите. | - ги запознава со првите дела за значењето и за општите карактеристики на предисламскиот период на турската литература.<br><br>-ги запознава првите дела о турската литература од предисламскиот период.<br><br>- Ги запознава со карактеристиките на првите дела од светската литература. | - ќе се прикажат примери од првите усни дела.<br><br>- ќе се прикажуваат примери од делото **Ѓоктурк Китабелери** преку слики, слајд или ако е можно да се прикажува краток филм во врска со ова дело.<br><br>- За да се разбере подобро темата, односно врската помеѓу еповите ќе се работат неколку епови. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Античка грчка литература<br><br>**Хомер**<br><br>2. Хуманизмот и ренесансата во европската литература<br><br>**Данте Алигиери**<br><br>**Вилијам Шекспир** | | - Запознавање со античката грчка литература, со најзначајните претставници и нивните дела.<br><br>- Животот и делото на **Хомер** и обработка на делото **Илијада;**<br><br>- Главните карактеристики и најзначајните претставници на хуманизмот и ренесансата во европската литература.<br><br>- Животот и делото на Данте Алигиери и анализа на дел од **Боженствената Комедија**.<br><br>- Животот и делото на Вилијам Шекспир и анализа на делото **Одисеја.** | - Запознавање со античката грчка литература, со најзначајните претставници и нивните дела. | - за епот **Илијада** да се прикажува филм на видео или да се гледа во кино.<br><br>-при обработката на оваа тема, исто така, да се користи видео и филм за прикажување на некое снимено дело од овој период од европската односно светската литература. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ТУРСКИ ТЕАТАР<br>Првите примери<br><br>Стариот турски театар | 2 | - Запознавање со стариот турски театар преку примери од **<u>Караѓоз, Ортаојуну и Меддах.</u>** | - Да ги запознае со првите примери од турскиот театар. | - Ќе се користи аудио и визуелни средства за слушање и гледање на дела од стариот турски театар. |
| **ЛЕКТИРА**<br>**1. Јашар Наби: Најубави раскази од светската литература**<br>**2. Ефлатун Џем Гунеј: Керем и Асли**<br>**3. Орхан Кемал: Борба за леб**<br>**4. Халиде Едип Адивар: Синекли баккал**<br>**5. Зија Гокалп: Песни**<br>**6. Јахја Кемал: Под сопствен свод**<br>**7. Глигор Прличев: Автобиографија**<br>**8. Софокле: Антигона**<br>**9. Петрарка: Канцониерот**<br>**10. Сервантес: Дон Кихот**<br>**11. Избор**<br>**12. Избор** | 7 | Читање на познатите дела од турската и светската литература (предложени во списокот);<br>-анализа на едно литературно дело;<br>- одредување на кој вид припаѓа делото, тема и местото на настанот;<br>- збогатување на речничкиот фонд;<br>- зголемување на интересот за читање и развивање љубов кон книгата;<br>- се обработуваат седум дела од дадениот список, од кои најмалку четири дела од турската литература. | - да развие интерес и навика на читање на турски како и светски дела. | - Активности за методите и за можностите каде и како може да дојде до саканата книга или дело предвидени во лектирниот список;<br>- со учениците едно до две дела да се обработуваат од училишната библиотека;<br>- да се обработува едно актуелно дело или по желба на учениците, доколку е можно ако е жив авторот на делото да присуствува на овој литературен час. |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Образовната технологија што се препорачува, се темели на претпоставката дека турскиот јазик како наставен предмет, се изучува во сите нивоа во нашиот образован систем.

Наставникот треба да применува функционални методи на учење со особен акцент на активностите на учениците, коишто се базираат на нивниот интерес со цел да се создаде погодна клима за учење.

Да им се овозможи на учениците колку што е можно повеќе да го користат турскиот јазик и неговите изразни средства заради правилно и точно применување во непосредната комуникација.

Што се однесува до јазикот, важно е постепено да се оди од функционално кон систематско ниво, со цел да се развива мотивацијата на учениците со практична примена на литературниот турски јазик.

*Основни наставни методи*

Како основни методи што можат да се користат во наставата по турски јазик и литература со комуникации се методите што се заеднички за повеќето предмети, а тоа се: демонстрација, дискусија, решавање проблеми, самостојна работа на учениците на проекти. Покрај овие основни методи не значи дека во процесот на учење не можат да најдат место и другите методи како што се: природната метода,тивкиот начин, аудиолингвалната метода итн.

*Активности на ученикот*

Зависно од применетите методи, во процесот на учењето, активностите на ученикот се сведуваат на : слушање, прибележување, повторување, вежбање, читање, откривање односи и законитости, самостојно учење, проверување, применување, работа во двојки и групи ( игри по улоги, комуникативни игри), изработување домашни задачи, дискутирање, опишување, раскажување итн.

*Активностите на наставникот*

Активностите на наставникот се сведуваат, главно, на зборување, читање, дискутирање, давање упатства, пишување на табла, демонстрирање, објаснување, оценување задачи, поставување прашање, организирање работа во двојки и групи, правење забелешки, мотивирање, иновирање итн.

### 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Според зацртаните цели на наставниот предмет, наставата се реализира во специјализирани училници, во две полугодија со определен неделен фонд на часови. Домашната работа се реализира дома и во училиштето.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Заради поефикасно постигнување на целите на наставниот предмет **турски јазик и литература со комуникации,** се применуваат разни наставни средства и помагала како:
-прирачник по литература за И година;
-учебници по граматика со комуникација за И година;
-учебник за теорија и литература за И година;
-прирачник за ученици.

#### 4.4.1. Дополнителна литература за наставникот

- прирачник за наставникот;
- примероци од горенаведените учебници-книги, литература за лична употреба;
- претплата преку училиштето на професионални списанија / весници;
- примероци од каталози на материјали за учење методика за јазик и литература;
- фотокопир и др.

### 4.4.2. Опременост на наставните простории

За предметот турски јазик и литература со комуникации во средните стручни училишта се препорачуваат следниве училнички средства:

- вообичаен инвентар; клупи, столчиња, табла;
- графоскоп (може заеднички за повеќе предмети);
- пристап до Интернет (може и во просторијата со компјутери);
- касетофон и видео / ТВ (може заеднички).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигнувањата на учениците се следат перманентно преку усно проверување и преку писмено проверување со тестови на знаења по секоја завршена тематска целина. Исто така, на крајот на полугодието и наставната година, се изработуваат тестови на знаења. Доколку ученикот не го исполни основниот критериум на потребните знаења, наведени во тестовите за тематските целини или за целокупниот наставен материјал, се упатува на поправен испит.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДМЕТНИОТ КУРИКУЛУМ

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет **турски јазик и литература со комунукации**, треба да ги поседува следниве **индивидуални, професионални и педагошки карактеристики:** да е физички и психички здрав, да го познава турскиот јазик (усно и писмено), да нема говорна мана, да е комуникативен и отворен за соработка, соодветно образован, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во неа, да е добар организатор, креативен и способен за примена на иновации во образовната технологија и сл.

**6.2. Стандард за наставен кадар**

Завршени студии по филологија: **турски јазик и литература**

**6.3. Стандард за простор за наставниот предмет**

За реализација на зацртаните цели, од наставниот предмет турски јазик и литература со комуникации, се користат специјализирани училници.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА

**7.1. Датум на изработка: мај 2001 година**

**7.2. Состав на работната група:**

- Јакуп ИЛЈАС, педагошки советник во БРО - ПЕ Тетово, носител
- Д-р Хамди ХАСАН, професор на Филолошкиот факултет, Скопје
- Д-р Ариф АГО, професор на Филолошкиот факултет, Скопје
- Невин АГО, наставник во Гимназијата "Јосип Броз Тито", Скопје
- Бедри НУРЕДИН, педагошки советник во БРО - ПЕ Гостивар

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување: септември 2001 година.**

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА КУРИКУЛУМОТ

Курикулумот за предметот турски јазик и литература со комуникации, го одобри (донесе): ____________________________________________________________со решение бр.

_______________________________________________од ________________година.